# МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД

СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО


МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
ЗДРУЖЕНИЕ НА ПСИХИЈАТРИТЕ НА РМ

MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
ASSOCIATION OF PSYCHIATRISTS OF MACEDONIA

## III КОНГРЕС НА ПСИХИЈАТРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

## III CONGRESS OF PSYCHIATRISTS OF R. MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION



# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

Охрид, 13 -17 Октомври 2004
Ohrid, 13 -17 October 2004


| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мак мед преглед | 58: (Суплемент 62) | Стр. 1-97 | Скопје | 2004 |

5.03
**ВОДЕЊЕ НА МЕДИЦИНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО СЕКОЈДНЕВНАТА РАБОТА ВО ЈЗО ПСИХИЈАТРИСКАТА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" - Скопје**

*Д. Црвенова*, С. Петковска

ЈЗО Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

Долгогодисното искуство ни покажува дека за попрофесионална и поквалитетна работа од голема важност е водење на медицинска документација.

За следење на здравствената состојба на корисниците на психијатриските услуги значително е вазно водење на медицинска документација.

Целта на овој труд е претставување на комплетната медицинска документација која се води за секој корисник на психијатриски услуги во Психијатриска болница "Скопје" - Скопје.

Увидот во постоечката документација покажува дека секој член на тимот континуирано го следи корисникот во рамките на својата професионална надлежност преку пополнување на соодветната документација, со што учествува во целосната проценка на неговата состојба.

Воедно документацијата се користи и во правење на идни заеднички тераписки планови за секој корисник.

5.04
**ПРОЦЕНКА НА ПРОЦЕСОТ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НИЗ РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ПРИЛЕП**

*И. Филов*

Болница за душевни болести Демир Хисар, Центар за ментално здравје

**Вовед:** Центрите за ментално здравје стануваат базични места од каде се промовираат реформите во психијатријата, односно места каде се развиваат, тестираат и имплементираат концептот и техниките на менталното здравје во заедницата. Исто така, тие се фокус каде се истражува успешноста на процесот на рехабилитација и ресоцијализација.

**Методи:** Во ЦМЗ Прилеп, во моментот на истражувањето има 45 корисници, 35 од нив повлечени од Психијатриската болница Демир Хисар, а останатите се по прв пат примени во ЦМЗ. Критериумите кои се предмет на евалуација во рехабилитациониот програм се: општо однесување (изглед, невербална експресија, ниво на активност, одговорности, продуктивност), извршување на задачите (мотивираност, концентрација, можност да ги следи инструкциите, можност за одлучување, толера-нција на фрустрации), интерперсонални односи и интеракција во група). Опсервираните податоци се регистрираат во индивидуални листови, од каде се гради финалниот заклучок за состојбата на корисникот и успешноста на процесот.

**Заклучоци:** Асоцираноста на психијатриско медикаментозниот третман и социјалните интервенции во рамките на работата на ЦМЗ, даваат можност за континуитет на лекувањето, како и постигнување на значителни квалитатвни промени во начинот на живот и враќање во заедницата.Регистрирањето на овие промени во соодветни прашалници, дава можност за воспоставување на критериуми за проценка на успешноста на тие процеси.

5.05
**РЕФОРМИ ВО МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ ВО ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ"- ПОМЕЃУ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА[1]**

*С. Гајдазис-Кнежевиќ**, С. Пејковска-Димовска*, М. Јеремиќ*, И. Гајдазис**, Н. Паческа*

* Психијатриска болница "Скопје" - Скопје
** Здравствен дом Скопје, Завод за ментално здравје на деца и младинци "Младост"

**Вовед:** Иако Психијатриската болница повеќе години наназад развива бројни активности за ресоцијализација и реинтеграција на лекуваните лица со ментални растројства во заедницата, истите добиваат сосема нова димензија во рамките на актуелните реформи во менталното здравје.

**Материјал и методи:** Во трудот авторите анализираат групи податоци од изминатите 3 години, а кои се од значај за реформите во менталното здравје: болничкиот постелен фонд, број на први и повторни хоспитални приеми и исписи, должина на стационарно лекување и др. Со анализата е опфатена работата и на екстрахоспиталните служби, идни центри за ментално здравје во заедницата. Освен тоа, направена е анализа и на основните податоци за преостанатите капацитети и потенцијали за реинтеграција во заедницата на долготрајно хоспитализираните лица со ментални растројства низ параметрите: можност за вдомување, трајна финансиска поддршка, одржани семејни релации, очувани социјални и професионални вештини, актуелна психичка состојба.